Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ
бр. 0306/423
27.05 2020 год.
СКОПЈЕ

# СТОПАНСКА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ОПЕРАТОРИ НА КАБЕЛСКА МРЕЖА МК НЕТ-Скопје

ул.Народен фронт бр.19-а ТЦ Беверли Хилс кат 1 локал 1 Скопје

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 27.05.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 01 | 933/2 | 1 | |

**ДО :**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Адреса Палата Панко Брашнаров ул.Македонија бр.38 1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ : Забелешки на Предлог Правилници**

**ОД : Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ-Скопје ул.Народен фронт бр.19-а ТЦ Беверли Хилс кат 1 локал 1 Скопје застапувана од управителот Дејан Јорданов**

Почитувани,

Донесеното Законско решение врз основа на кое се изготвуваат подзаконските акти е прекршување на сите основни принципи на радиодифузната дејност и медиумската политика утврдени од страна на ЕУ и на постоечките законски решенија по однос на слобода на изразување и телевизии без граници.

Доставата на предложената Изјава од Прилог бр.3 од Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси, ќе ги доведе операторите до ситуација да не можат да реемитуваат странски ТВ програми што ќе резултира со катастрофално уназадување на изборот на претплатниците за следење на програмски содржини поради фактот што најмалку 5/6 од постоечките програмски пакети содржат странски ТВ програми и сведување на достапните програмските пакети само на локални содржини, односно тотален „медиумски мрак“.

Доставата на предложената Изјава од Прилог бр.4 од Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси, **односно пропишување на одговорност за туѓи дејствија** е преседан кој не постои во ниту една друга област или закон, како во рамките на нашата земља, така и во ЕУ.Таа е целосно спротивна на суштината на дефиницијата на поимот - реемитување утврдена со Закон во услови кога Операторите ниту имаат уредувачка одговорност ниту контрола врз реемитуваните програми која во целост припаѓа на страна на радиодифузерите.

Сметаме дека предложенити **Изјави од Прилог 3 и Прилог 4** од Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси, **треба да бидат укинати** односно да не се доставуваат при поднесување на пријавите за регистрирање на програмски сервиси.

Се надеваме дека нашата забелешка ќе биде сериозно разгледана и истата ќе биде прифатени од Ваша страна.

Со почит,
Скопје 27.05.2020год

За СИЗ МКНЕТ

Дејан Јорданов